<u>Согласно предложените измени на ЗВСР под т. 1</u> сметам дека оваа бројка на сметководители од 1726 кои не поднеле Барање за издавање на Уверение од ИСОС реално и немале потреба за истото затоа што во моментот на издавање на истите не биле заинтересирани за нивно издавање и дека рокот не го пропуштиле од објективен карактер, туку од непочитување на Законот што укажува само на фактот дека реално и не се занимавале со сметководствена дејност . Со законско пролонгирање и давање на нов Законски рок само се овозможува на сметководители кои хонорарно се занимаваат со сметководствена дејност да истото го легализираат и продолжат со таквиот начин на вршење на нелојална конкуренција . Во ред би било кога паралелно со ваквите измени во Законот точно би се прецизирале и условите за вршење на сметководствени работи кој не би бил условен само со поседување на уверение и упис во Регистарот на ИСОС туку и би бил и во редован работен однос со полно работно време во фирмата даночен обврзник за водење сметководство или организиран како Трговец поединец или Друштво за вршење сметководствени работи согласно ЗТД и ЗВСР .

Впрочем во ЗВСР постои член бр. 6 чл. 14 чл.14 и чл.16 во кој доколку сметководители ги исполнуваат условите за добивање на Уверение да можат да поднесат наново Барање за издавање на истото од ИСОС со што законски не се спречени да ја обавуват во иднина сметководствената дејност. Со тоа ваквата измена на Законот во овој дел губи на реална потреба за негово донесување, а воедно и нанесување на штета на постоечките Лиценцирани сметководители кои досега легално и законски ја обавуваат својата сметководствена дејност почитувајќи ги законските рокови за замена на Уверенијата доделени од Министерство за финансии и упис во регистарот на ИСОС

Предлагачот на оваа измена наведува само дека има барање од "група сметководители" а притоа не наведува во бројка колкава е таа група и истовремено нема направено анализа од кои причини оваа бројка на сметководители и овластени сметководители не ги замениле своите Уверениа добиени од Министерство за финансии.. Бидејќи неможе да за да од вкупната бројка на сметководители околу 9000 со уверенија од МФ само 10-15% се прават отстапки а при тоа на останатите над 7000 не се земат реално нивните барања за суштински измени на ЗВСР .

**И на крај спротивно од сите законски норми законодавачот би дозволил нов рок за замена и упис на уверенија од Министерство за финансии кои согласно** ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ ОД 17,10,2016 ОБЈАВЕН ВО СЛ.ВЕСНИК 190/2016 ВСУШНОСТ **<u>ПРЕСТАНАЛЕ ДА ВАЖАТ ВО М. 12/2016 СОГЛАСНО ЧЛ. 19 ОД ИСТИОТ</u>**

## Член 19

(1) Лицата кои се стекнале со уверенија за сметководител, односно овластен сметководител согласно со членовите 48, 49 и 50 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" број 95/12) и членовите 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), можат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање до Институтот за издавање на ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител согласно со условите под кои ги стекнале уверенијата издадени од министерот за финансии.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член до Институтот задолжително се доставува оригинал или копија заверена на нотар од уверението за сметководител, односно овластен сметководител издадено од министерот за финансии.

(3) Институтот е должен на лицата од ставот (1) на овој член да им издаде ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

(4) Со денот на издавање на уверенијата од ставот (3) на овој член престануваат да важат уверенијата издадени од министерот за финансии.

**(5) На лицата кои во рокот од ставот (1) на овој член нема да поднесат барање до Институтот за издавање на ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител им престанува важноста на постојните уверенија за сметководител или овластен сметководител издадено од министерот за финансии и врз основа на истите немаат право да вршат сметководствени работи.**

**Со кршење на претходно важечкиот Закон, се доведува правната сигурност на целиот Закон и од правен аспект е недозволиво, а особено ако за тоа нема оправдана правно-општествено-економска оправданост и причина.**

Што се однесува под т. 2 предлог измените за упис во Регистарот да важи само за оние лица кои во пропишаниот законски рок ги замениле своите Уверенија добиени од Министерство за финансии со уверение од ИСОС но од било какви причини не успеале да се запишат во Регистарот на ИСОС и во овој дел законодавачот може да им го пролонгира рокот за упис.

Во делот на т. 3 Предлог измени на број на задолжителни часови на КПУ и бројот на годишно и 3-годишно ниво, всушност овој период би требало да биде зголемен на најмалку 7г. т.е. исполнување на вкупно бр. на часови на КПУ 210 за 7 год. за овластен сметководител и 140 за 7г. за сметководител од кои мин на годишно ниво од 16 часа за овластен сметководител а 8 за сметководител. Воедно да овие задолжителни КПУ часови се трансформираат во број на бодови кои нема да бидат собирани по некоја строга процедура и програма зададена од ИСОС туку со слободен избор на тема која го засега самиот сметководител, а дел од бодови да се добиваат и доколку самиот сметководител или овластен сметководител е претплатник на било која акредитирана консалтинг куќа или овластена институција со пристап до законите. Овој предлог се базира на тоа што со воведувањето на КПУ часовите всушност не се постигна ефектот за континуирано усовршување на сметководителот туку се стави под една задолжителна дополнителна тортура. Исто така секоја година е потребно да се ревидира и евидентира сметководителот или овластениот сметководител во регистарот на ИСОС дали ги исполнил минимум условите за да остане активен за вршење на сметководствена дејност. Доколку не ги исполнил да се стави привремено пасивен до исполнување на условите. Исто така да се укине полагањето после завршетокот на КПУ часовите од причини што самите сметководители секојдневно се под надзор и контрола на сите надлежни институции и тоа во пракса соочувајќи се со реално практични проблеми, така да бесмислено е воведување на полагање како завршен испит или екстерен испит. Разбирлива би била целта доколку тоа се врши бесплатно од страна на ИСОС но во случај кога за истиот е предвиден надоместок тогаш произлегува дека целта не е проверка на знаење на сметководителот туку со крајна цел финансиски бенефит.

**Според препораките на IFAC не постои проверка на знаења, испит и сл. Постои само влезен испит или приемен испит за провека на минимум знаења за нововлезените во системот, кои се на ниво на основни знаења.**

Воедно со предвидените предлог измени на ЗВСР во член 1 се предвидува бришење на зборовите "за вршење сметководствени работи" во чл. 2 ст. 1 т. 6 т.7 и т.8 со што на самиот закон му се дава една воопштена рамка дека може било која регистрирана фирма согласно ЗТД да ја обавуваа сметководствената дејност, па од тие причини да не ја изгуби смислата ЗВСР дека беше формиран за подобрување на условите за работа на самите сметководители предлагам да чл. 21 ст. 2 т. 1 од истиот закон се замени и гласи: " Решение за упис во трговскиот регистар со регистрирана претежна дејност сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, не постаро од 6 месеци".

**И на крај во прилог на подобрување на статусот на сметководителите сметам дека е потребно да се направи целосно ревидирање на Законот за вршење сметководствени работи, при што би се уклучиле мислењата на сметководителите кои директно се засегнати со Законот и би дале допринос во донесување на Закон реално потребен во оваа професија. Сепак сметководителите треба да бидат на некој начин мотивирани во обавување на оваа суптилна професија која е од големо значење и за стопанствениците и за државата во искажување на реални финансиски показатели.**